Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Бр. Nr. 06-643/1
21-05-2026 20___ год. viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25 ) и Предлогот доставен од членот известител проф.д-р Христина Рунчева Тасев бр.26-578/4 од 14.05.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Географија за II (втора) година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет Географија за II (втора) година гимназиско образование со шифра 010 од Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје од авторите: Аце Миленковски, Дејан Наковски, Весна Томовска и Цвета Ѓорѓиевска.

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 29.10.2025 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебници во гимназиско образование бр.26-1173/1 од 29.10.2025 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка служба во рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-199/13 од 17.02.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-21/1 од 19.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-199/16 од 19.02.2026 година и допис бр.32-25/1 од 19.02.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-199/20 од 19.02.2026 година шифрираните ракописи со шифра 09, шифра 010 и шифра 011, преку Педагошката служба ги достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-199/22 од 19.02.2026 година шифрираните ракописи ги достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-308/9 од 26.02.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-199/24 од 26.02.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за ракописите за учебник со шифра 09, шифра 010 и шифра 011 по наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование**

Во мислењето е наведено дека за ракописите за учебник со шифра 09, шифра 010 и шифра 011 се дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 11.03.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-357/1 од 23.03.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник по наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование.**

На ден 14.04.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописите за учебник доставила Стручно мислење бр.26-357/15 во кое е наведено дека ракописите за учебник со шифри 09, 010 и 011 не се усогласени со наставната програма поради што комисијата смета дека не ги исполнуваат предвидените барања.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 02.04.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-444/1 од 15.04.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-502/2 од 27.04.2026 година на седницата одржана на 27.04.2026 година на Националната комисија за учебници врз основа на позитивното мислење од Бирото за развој на образованието и Стручното мислење од Рецензентската комисија и предложи согласно член 9 алинеа 6 од Законот за учебници во основно и средно образование, да ја распушти Резензенската комисија и да се формира **стручен тим** по наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование.**

Националната комисија за учебници едногласно го прифати предлогот на членот известител.

На истата седница на Национална комисија за учебници одржана на ден 27.04.2026 година, согласно точка 10 потточка 10.1 од записникот бр.26-531/2 од 30.04.2026 година, се предложија членови за состав на Стручниот тим и истите едногласно беа прифатени од сите членови на комисијата.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 27.04.2026 година, со Решение заведено под архивски број 26-578/1 од 06.05.2026 година, формираше Стручен тим за повторно стручно вреднување на ракописите за учебник за наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование**

На ден 13.05.2026 година Стручниот тим за вреднување на ракописите за учебник доставил Стручно вреднување на ракописи бр.26-578/3 во кое е наведено дека ракописитеза учебник со шифри 09 и 011 не се препорачуваат за учебник додека ракописот за учебник со шифра 010 се предлага да биде одобрен како учебник за наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование**.

На седницата одржана на 15.05.2026 година, членот известител со допис заведен под архивски број бр.26-578/4 од 14.05.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник по наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование, со шифра 010** да го прифати за учебник и да ја продолжи процедурата за издавање и употреба на истиот.

Педагошката служба со допис бр.26-199/38 од 19.05.2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-1173/1 од 29.10.2025 со напомена истиот да биде делумно јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-76/2 од 19.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-199/41 од 19.05.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-20/1 од 19.02.2026 година со напомена дека во записникот податоците за ракописите за учебници чии шифри не се отвараат се покриени и не се јавно достапни.

По добивање на Записникот бр.32-20/1 од 19.02.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-199/42 од 19.05.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Географија за II (втора) гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесена е Одлука за учебник за биде одобрен ракописот за учебник со шифра 010.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-20/1 од 19.02.2026 година на интернет страницата за дел од шифрите е констатирано дека:

За ракописот за учебник **под шифра 09** се јавува Друштвото за промет и услуги ТРИМАКС ДОО Скопје со авторот: Благоја Марковски.

За ракописот за учебник **со шифра 010** се јавува Друштвото за образование на деца и возрасни АРС СТУДИО Тамара ДООЕЛ Скопје со авторите: Аце Миленковски, Дејан Наковски, Весна Томовска и Цвета Ѓорѓиевска.

За ракописот за учебник **со шифра 011** се јавува Друштвото за издавачка дејност, производство, промет и услуги АЛБИ ДОО Скопје со авторот: Ивица Гиевски.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 15.05.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,
Проф.д-р Ташко Ризов

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.05.20 15:35:19 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавачи